Врз основа на член 27 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа од , Советот на Општина Делчево, на својата Трета седница одржана на 28.12.2021 година донесе ,

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

**1.Советот на Општината го донесува буџетскиот календар во месец Декември-јануари.**

**2.Министерот за финансии изготвува извештај и го доставува до Владата во месец МАРТ.**

**3.Советот на општината ја донесува или разгледува фискалната стратегија на општината во месец МАРТ или АПРИЛ.**

**4.Градоначалникот на општината ги утврдува главните насоки за подготвување на финансиските планови на општинските буџетски корисници, во месец МАЈ.**

**5.Градоначалникот на општината ги доставува до општинските буџетски корисници главните насоки за изготвување на финансисиките планови, во месец МАЈ.**

**6.Општинските буџетски корисници ги доставуваат до општината своите предлог буџетски пресметки - финансиски планови, со образложение за висината на износите во месец ЈУНИ-ЈУЛИ.**

**7.Финансискиот оддел на општинската администрација ги анализира барањата на општинските буџетски корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања) во месец АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ.**

**8.Министерот за финансии го доставува до општината буџетскиот циркулар најдоцна до крајот на месец СЕПТЕМВРИ.**

**9.Финансискиот Оддел на општинската администрација заедно со Градоначалникот на општината го подготвуваат предлог-буџетот на општината во месец ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ.**

**10.Градоначалникот на општината го доставува до Советот на општината предлог буџетот на општината во месец НОЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ.**
**-Се објавува содржината на нацрт буџетот и се дава на достапност на јавноста**
**-се одржуваат јавни расправи**
**11.Советот на општината го донесува буџетот на општината за наредната година најдоцна до крајот на месец ДЕКЕМВРИ.**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

**09-2357/1**
**28.12.2021**
**Делчево**